**20110581564**

## ДИРЕКЦИЈА ЗА РАДИАЦИОНА СИГУРНОСТ

Врз основа на член 26-д, став 1, точка 11 од Законот за заштита од јонизирачко зрачење и радијациона сигурност („Службен весник на Република Македонија” бр. 48/02 и 135/07), директорот на Дирекцијата за радијациона сигурност, донесе

# П Р А В И Л Н И К
# ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА МАКСИМАЛНО ДОЗВОЛЕНИ КОЛИЧИНИ НА РАДИОНУКЛИДИ ВО ХРАНА, ВОДА, ВОЗДУХ, ЗЕМЈИШТЕ, ПРОИЗВОДИ И СУРОВИНИ ОД ЖИВОТИНСКО И РАСТИТЕЛНО ПОТЕКЛО И ПРЕДМЕТИ ЗА ОПШТА УПОТРЕБА

Член 1

Во Правилникот за максимално дозволени количини на радионуклиди во храна, вода, воздух, земјиште, производи и суровини од животинско и растително потекло и предмети за општа употреба („Службен весник на Република Македонија” бр. 163/09) член 3 став 1 се менува и гласи:

„Максимално дозволените количини на радионуклиди во храната наменети за пазар после нуклеарна несреќа или радијационен вонреден настан се дадени во Прилог бр.1, Табела 1 кој е составен дел на овој правилник.“

По ставот 1 се додава нов став 2, кој гласи:

„Максимално дозволените количини на радионуклиди во добиточната храна наменети за пазар после нуклеарна несреќа или радијационен вонреден настан се дадени во Прилог бр.1, Табела 2 кој е составен дел на овој правилник.“

Ставот 2 станува став 3.

Член 2

Прилогот бр.1 се заменува со нов Прилог бр.1 кој е составен дел на овој правилник.

Член 3

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 01-273/3
13 април 2011 година
Скопје

Директор,
д-р **Нузи Шахин**, с.р.

**ПРИЛОГ БР.1**

**Табела 1.** Максимално дозволените количини на радионуклиди во храната (Bq/kg)

| Радионуклид | Детски храни | Млеко и млечни производи | Храна со исклучок на несуштествена храна | Несуштествена храна | Течна храна и вода за пиење |
|---|---|---|---|---|---|
| Стронциум-90 | 75 | 125 | 750 | 7500 | 125 |
| Јод -131 | 150 | 500 | 2000 | 20000 | 500 |
| Алфа емитери, изотопи на Плутониум особено Pu-239 и Am-241 | 1 | 20 | 80 | 800 | 20 |
| Други радионуклиди со период на полураспад поголем од 10 дена, особено Cs-134 и Cs-137 (без K-40, H-3, C-14) | 400 | 1000 | 1250 | 12500 | 1000 |

**Табела 2.** Максимално дозволените количини на радионуклиди во добиточната храна (Bq/kg)

| Радионуклид | Свињи | Живина, јагниња, телиња | Друго |
|---|---|---|---|
| Cs-134 и Cs-137 | 1250 | 2500 | 5000 |